Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 24.12.2021 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Поради потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција, спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, Советот на Агенцијата одлучи во периодот 01.01.2022 година до 28.02.2022 година седниците да се одржуваат преку видео конференциска врска.

2. Седниците на Советот, во периодот од 01.03.2022 година ќе се одржуваат со физичко присуство на членовите на Советот и на директорот во службените простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По исклучок, а само во случај на неопходна потреба, седница на Советот во периодот од 01.03.2022 година може да се одржи и преку видео конференциска врска.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата

**Бр.** 02-4602/2

24.12 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**